**ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ**
**СУ-1587-9/23**
**20.12.2023 год.**

Судскиот администратор на Основен суд Кочани Марија Стојанова, врз основа на член 36 од Законот за судска служба,по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.3/23, за вработување на судски службеник, за работно место Судски соработник,категорија В,ниво В3,1/(еден) извршител, по доставениот Предлог на кандидат за вработување од Комисијата за селекција за вработување заведен под СУ-1587-8/23 од 19.12.2023 година, на ден 20.12.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

За работно место Судски соработник,категорија В,ниво В3,**се избира кандидатот Елена Трифуновиќ од Кочани.**

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Основен суд Кочани во дневните весници „Вечер" и ,,Koha" од 21.11.2023 година, објавен е Јавен оглас бр.3/23 за вработување на судски службеник за работно место Судски соработник,категорија В,ниво В3.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување, согласно чл.35 Законот за судска служба и чл.20 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас,формата,содржината и начинот на поднесување на пријавата,на спроведување на административната селекција за испитите,проверка на веродостојноста на доказите и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови во постапката за селекција во зависност од категориите на работни места како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници,до Судскиот администратор доставен е предлог на кандидат за вработување заведен под СУ-1587-8/23 од 19.12.2023 год. во кои се предлага вработување на кандидатот Елена Трифуновиќ,како прва на ранг листата.

Во врска со горенаведеното, Судскиот администратор согласно член 36 од Законот за судска служба одлучи како во изреката на одлуката.

Судски администратор
Марија Стојанова

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на известувањето за извршениот избор до Советот на судска служба.
(Жалбата се доставува преку Основен суд Кочани).